**Закачено на огласна табла на судот на ден 05-12-2024 година**
**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**
**СТ.бр.23/24**
**05-12-2024 година**

**ДО**
**ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ**

**Согласно одредбите од чл.60 ст.1 од Законот за стечај, потребно е да го објавите огласот со следната содржина:**

**О Г Л А С**

Основниот Суд Кавадарци, преку стечајниот судија Елизабета Петковска, објавува дека со Решение СТ.бр. 23/24 од 05-12-2024 година:

**Се поведува** претходна постапка за утврдување на причината за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги ПЕРДИКС КД ДООЕЛ с. Ваташа Кавадарци со седиште на ул. Страшо Пинџур бр. 236 Кавадарци со ЕМБС: 6397140 и ЕДБ: 4011008502486 , со трансакциска сметка број 300040000198690, што се води при Комерцијална Банка АД Скопје, со приоритетна дејност - трговија на мало со облека во специјализирани продавници - со означена шифра 47.71.

**Се закажува** рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, на ден 16-01-2025 година во 13,00 часот, во судница бр.2 на овој суд.

**Се задолжува** должникот Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги ПЕРДИКС КД ДООЕЛ с. Ваташа Кавадарци по приемот на решението да му ги стави на располагање на привремениот стечаен управник, сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог, како и да се воздржува од активности со кои би се отежнало исполнувањето на тие обврски.

**За привремен стечаен управник** се определува лицето Делфина Зајкоска лиценциран и овластен стечаен управник од Прилеп, регистриран како ТП овластен стечаен управник Делфина Алекса Зајкоска ул. Цане Илиоски бр.5, број на телефон 078-222-092, e-mail: delfinazajkoska@yahoo.com.

При што привремениот стечаен управник се задолжува да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и дали имотот е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско - финанасиската состојба на должникот, неплатени обврски на должникот по сите основи (придонеси и даноци од плата, други даноци,комунална такса , обврски спрема доверители и сл.).

**Се задолжуваат :** Фонд за здравствено осигурување на РСМ , Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ , Агенција за вработување на РСМ , Министерство за финансии Управа за јавни приходи и Општината -Локална Самоуправа да му овозможат на привремениот стечаен управник увид во нивните евидентирани податоци со кој што располагаат со цел да се утврди дали должникот има обврски по основ на неплатени придонеси, даноци и комунална такса и доколку има колку изнесува нивната висина , како и на барање на привременеиот стечаен управник да му достават и писмен извештај за обврските на должникот.

**Се задолжува** должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му дозволи и му овозможи да изврши увид во трговските книги и неговата деловна документација.

**Решението да се достави** до Централен Регистар на РСМ во кој е запишан должникот.

**Решението да се објави** на огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РСМ, како и на страната на Централниот Регистар на РСМ и на веб страната на судот.

ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КАВАДАРЦИ 1